Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул."Македонија"бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3203-826 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr."Makedonia"nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3203-826 sudskibudzet@ssrm.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI GJYQËSOR BUXHETOR
Бр.-Nr. 02-1041/14
01.09. 2022 год.-viti
Скопје - Shkup

Согласно член 9 алинеја 6 од Законот за судски буџет (Службен весник на РМ 60/2003, 37/06, 103/08 и 145/10), Судскиот буџетски совет на 185та седница одржана на 01.09.2022 година донесе

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ И ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ЗАКЛУЧНО СО 31.07.2022 ГОДИНА

# СЕДНИЦИ НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ

Во текот на првата половина на 2021 година СБС одржа 7 седници на кои беа донесени одлуки во врска со распределбата на буџетот наменет за судската власт и неговото извршување. Исто така во континуитет се следеше реализацијата на судскиот буџет со цел донесување одлуки за пренамена на средствата заради обезбедување максимална реализација на буџетот.

# КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ

## СОСТОЈБА 31.07.2022

**На ден 01.01.2022 година во Судската власт биле вработени 2.827 лица, а на ден 31.07.2022 година биле вработени вкупно 2.822 лица во судската власт, од кои:**

| опис | број на вработени 31.07.2022 |
|---|---|
| Членови на Судски совет | 11 |
| Директор и Заменик Директор на Академија | 2 |
| Судии | 424 |
| Судски службеници | 1.846 |
| Административни службеници | 43 |
| Судска полиција | 190 |
| Работници | 150 |
| Слушатели во Академија | 156 |
| Вкупно | 2.822 |

### *Вработувања во судската власт од 01.01.2022-31.07.2022 година*

Во периодот од 01.01.2022-31.07.2022 година во судската власт се реализираа 243 вработувања по разни основи и тоа: 76 извршители се вработија по објавен оглас на неопределено време, 161 извршители се вработија по објавени огласи за вработување на определено време и 6 извршители се превземени од државни органи и институции надвор од судската власт. Дополнително 46 службеници во Судската власт се унапредија во повисоки звања.

Следат табели за бројот на вработувања и унапредувања по единки корисници.

| Единка корисник | Број на вработени-определено |
|---|---|
| Основен кривичен суд Скопје | 25 |
| ОС Гостивар | 13 |

| | |
|---|---|
| ОС Кавадарци | 9 |
| ОС Кичево | 10 |
| ОС Кочани | 1 |
| Основен граѓански суд Скопје | 11 |
| ОС Кратово | 3 |
| ОС Крива Паланка | 4 |
| ОС Неготино | 3 |
| ОС Прилеп | 2 |
| ОС Радовиш | 2 |
| ОС Битола | 23 |
| ОС Виница | 4 |
| ОС Велес | 3 |
| Управен суд | 16 |
| Судски совет на РСМ | 1 |
| Основен суд Делчево | 3 |
| Основен суд Тетово | 14 |
| Основен суд Охрид | 9 |
| Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ | 1 |
| Врховен суд на РСМ | 2 |
| Основен суд Дебар | 3 |
| Единка корисник | Број на вработени-неопределено |
| Судски совет на РСМ | 4 |
| Основен граѓански суд Скопје | 5 |
| АС Штип | 1 |
| ОС Кавадарци | 3 |
| ОС Штип | 1 |
| АС Гостивар | 3 |
| ОС Кичево | 1 |
| ОС Куманово | 3 |
| АС Скопје | 2 |
| АС Битола | 2 |
| Основен кривичен суд Скопје | 4 |
| ОС Битола | 8 |

| | |
|---|---|
| ОС Гевгелија | 2 |
| ОС Крушево | 1 |
| ОС Велес | 2 |
| Управен суд | 8 |
| ОС Охрид | 3 |
| ОС Кратово | 1 |
| ОС Крива Паланка | 2 |
| ОС Кочани | 1 |
| ОС Струга | 1 |
| Виш управен суд | 5 |
| ОС Прилеп | 3 |
| ОС Гостивар | 5 |
| Врховен суд на РСМ | 4 |
| Единка корисник | Број на унапредени вработени |
| ОС Кавадарци | 4 |
| ОС Битола | 4 |
| Врховен суд на РСМ | 7 |
| Основен кривичен суд Скопје | 4 |
| ОС Прилеп | 4 |
| ОС Кратово | 1 |
| ОС Куманово | 2 |
| ОС Струга | 4 |
| ОС Кочани | 1 |
| ОС Радовиш | 2 |
| ОС Дебар | 6 |
| Основен граѓански суд Скопје | 3 |
| ОС Ресен | 2 |
| АС Штип | 2 |
| Единка корисник | Број на вработени-превземени |
| ОС Велес | 1 |
| ОС Куманово | 1 |
| ОС Свети Николе | 1 |
| ОС Струмица | 1 |
| ОС Берово | 1 |
| Управен суд | 1 |

# ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА

# РАЗДЕЛ 29010-СУДСКА ВЛАСТ

Самостојниот судски буџет како гаранција за обезбедување сигурен извор на финансиски средства и навремена и редовна дистрибуција на истите, до сите сегменти на судскиот систем, претставува една од темелните вредности врз која се заснова целосното етаблирање на самостојно и независно судство како носител на судската власт.

Почнувајќи од 2012 година требаше да започне примената на член 4 и член 16 од Законот за измена на Законот за судски буџет (Службен весник на РМ бр 145 од 5.11.2010 година) кој предвидува средствата за "судска власт" во Буџетот на Република Македонија потребни за функционирање на единките корисници, да се утврдуваат во износ од најмалку 0,8 %, при што за буџетската 2012 година требаше да изнесува 0,5 % од БДП на Република Македонија. Оваа законска одредба не се примени во 2022 година.

***Вкупниот буџет на судската власт за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" број 287/21) изнесуваше 2.318.156.000,00 денари.***

# ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ

# НА ПРОГРАМА 20-СУДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА – БУЏЕТСКА СМЕТКА

Реализацијата на буџетот за 2022 година за програма 20-судска администрација за сметка 603/630 буџетска сметка изнесува 55,5%.

## КАТЕГОРИЈА 40 – ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТИ

За плати и надоместоци со Буџетот беа обезбедени средства во висина од 1.670.163.000,00 денари.

| 40- буџет | 40-Реализација на буџет | 40-% на реализација |
|---|---|---|
| 1.670.163.000,00 | 961.323.023,00 | 57,56 |

| ста вка | опис | Буџет | реализација | остаток | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 1.201.104.000,00 | 691.509.330,00 | 509.594.670,00 | 57,57 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 467.059.000,00 | 268.942.666,00 | 198.116.334,00 | 57,58 |
| | Вкупно | 1.668.163.000,00 | 960.451.996,00 | 707.711.004,00 | 57,58 |

Во рамките на категорија 40-Плати и надоместоци се реализираат прекувремени часови работа и ноќни часови работа за припадниците на судската полиција. Реализираните часови и износи по наведените основи се прикажани во следната табела:

| месец | Реализирани часови | Вкупен износ ноќна работа | Реализирани часови | Вкупен износ прекувремена работа |
|---|---|---|---|---|
| јануари | 7.580 | 443.999 | 2.099 | 483.141 |
| Февруари | 6.936 | 426.101 | 1.501 | 369.979 |
| Март | 7.714 | 413.767 | 1.322 | 280.768 |
| Април | 7.353 | 430.071 | 1.851 | 429.409 |
| Мај | 7.631 | 427.068 | 1.880 | 417.872 |
| Јуни | 7.311 | 411.008 | 1.877 | 433.748 |
| Јули | 7.328 | 436.581 | 2.175 | 507.402 |
| | 51.853 | 2.988.595 | 12.705 | 2.922.319 |

Прекувремените часови работа се реализираат поради недоволниот број на вработени лица во категоријата судска полиција кои вршат обезбедување на судската зграда и лицата во период од 24 часа, согласно Судскиот деловник.

Од средствата на ставката 404-Надоместоци се врши исплата на средства по основ на одвоен живот за судиите кои го остваруваат ова право и дежурства за вработените во судската власт кои дежураат по завршувањето на работното време на судовите.

| ставка | опис | Буџет | Реализација | остаток | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 404 | Надоместоци | 2.000.000,00 | 871.027,00 | 1.128.973,00 | 43,55 |

## 42 – СТОКИ И УСЛУГИ

| ста вка | опис | Буџет | Буџет по ребаланс и извршни решенија | реализација | остаток | % на реализаци ја |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 300.000,00 | 300.000,00 | 222.945,00 | 77.055,00 | 74,32 |
| 421 | Комунални услуги, греење, | 92.000.000,00 | 92.000.000,00 | 66.671.733,00 | 25.328.267,00 | 72,47 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 20.000.000,00 | 19.287.000,00 | 11.416.646,00 | 7.870.354,00 | 59,19 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 24.000.000,00 | 24.000.000,00 | 9.743.925,00 | 14.256.075,00 | 40,60 |
| 425 | Договорни услуги | 53.400.000,00 | 53.281.000,00 | 33.123.844,00 | 20.157.156,00 | 62,17 |
| 426 | Други тековни расходи | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 1.151.891,00 | 848.109,00 | 57,59 |
| | Вкупно | 191.700.000,00 | 190.868.000,00 | 122.330.984,00 | 68.537.016,00 | 64,09 |

Средствата за тековно работење на единките корисници на судскиот буџет се обезбедуваат во рамките на категоријата 42- Стоки и услуги.

Буџетот со сосотјба од 31.07.2022 година, по Ребалансот на буџетот за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" број 164/2022) изнесува 190.868.000,00 денари. Тоа ја наметна потребата судските единки рационално да ги трошат одобрените средства. Овој износ се реализира во висина од 64,09%.

*Ставка 420-Патни и дневни трошоци*

Ставката 420-Патни и дневни расходи се однесува на дневниците за службени патувања, сместување и патните трошоци во земјата и во странство. Со Ребалансот на буџетот за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" број 164/22) состојбата е следна:

| **Буџет 2022** | **Реализација** | **% на реализација** |
|---|---|---|
| 300.000,00 | 222.945,00 | 74,32 |

*Ставка 421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт*

**За оваа ставка е одобрен износ од 92.000.000,00 денари.**

| Буџет 2021 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|
| 92.000.000,00 | 66.671.733,00 | 72,47 |

*Ставка 423-Ситен инвентрар, алат и други материјали за поправка*

Со Буџетот за 2022 година на оваа ставка се одобрени 20.000.000,00 кои по Ребалансот на буџетот за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" број 164/22) и реализација на правосилни и извршни судски решенија е намален на 19.287.000,00 денари.

| Буџет 2022 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|
| 19.287.000,00 | 11.416.646,00 | 59,19 |

*Ставка 424-Поправки и тековно одржување*

Одобрениот буџет на оваа ставка изнесуваше 24.000.000,00 денари, а моменталната состојба со буџетот на оваа ставка е следна:

| Буџет 2022 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|
| 24.000.000,00 | 9.743.925,00 | 40,60 |

*Ставка 425- Договорни услуги*

Со Буџетот за 2022 година беа одобрени 53.400.000,00 денари, а по Ребалансот на буџетот за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" број 164/22) и реализација на правосилни и извршни судски решенија е намален на 53.281.000,00 денари. Оваа ставка е досега реализирана со 62,17%.

| Буџет 2021 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|
| 53.281.000,00 | 33.123.844,00 | 62,17 |

*Ставка 426- Други тековни расходи*

Средствата одобрени со Буџетот за 2022 се во износ од 2.000.000,00 денари.

| Буџет 2022 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|
| 2.000.000,00 | 1.151.891,00 | 57,59 |

# КАТЕГОРИЈА 46 – СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ

Заклучно со 31.07.2022 година буџетот за оваа категорија на буџетската сметка 637/603 и самофинансирачката сметка 631 изнесува 51.164.000,00 денари денари. Категоријата 46-Субвенции и трансфери ги опфаќа трошоците за:

- Правосилни извршни решенија;
- Пресуди за повреда на правото на судење во разумен рок, а согласно член 36 став 6 од Законот за судови;
- Трошоци од правосилни прекршочни пресуди;
- Правосилни пресуди за неподмирени обврски на судовите кон доверителите и
- Согласно член 16,19 и 20 од Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" број 287/21 и 164/22), буџетските корисници исплаќаат средства и по следните основи: отпремнина при пензионирање, парична помош во случај на смрт на вработениот и член на потесното семејство, боледување подолго од 6 месеци и сл.

| Буџет 2022 | Реализација на буџет | % на реализација |
|---|---|---|
| 51.164.000,00 | 18.143.162,00 | 35,46 |

Износот на одобрени средства до 31.07.2022 година, за раздел 29010-судска власт, програма 20 – судска администрација, **на расходното конто 464 – разни трансфери** е 17.178.157,00 денари, од кои 3.545.321,00 денари се одобрени за исплата на правосилни пресуди поврзани со повреда на правата од работен однос, 7.395.031,00 денари за исплата на надоместоци од работен однос и правосилни пресуди за неподмирени обврски кон доверители и 6.237.805,00 денари за исплата на правосилните пресуди на Врховниот суд на Република Северна Македонија, за повреда на правото за судење во разумен рок и трошоци од правосилни прекршочни пресуди. Заклучно со 31.07.2022 година, на расходното конто 464 – разни трансфери има остаток од 8.485.242,00 денари и реализација од 66,33%.

*Анализа на состојбата на исплатените досудени правични надоместоци на подносителите на барањата по правосилните решенија на Врховниот суд на Република Северна Македонија за период до 31.07.2022 година*

Судски буџетски совет при исплатата на паричните надоместоци по правосилните решенија на Врховниот суд на Република Северна Македонија на подносителите на барањата што им се досудени заради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, постапува согласно Уставот на Република Северна Македонија, Законот за судовите, како и според правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи.

Од спроведената анализа во врска со исплатата на паричните надоместоци за периодот од 01.01.2022 – 31.07.2022 година се бележи следната состојба:

- извршена е исплата на правични надоместоци по доставените правосилни решенија од Врховниот суд на Република Северна Македонија заради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок на подносителите на барањата во вкупен износ од **5.713.436,00 денари.**
- Судски буџетски совет изврши пренос на досудените средства од буџетската сметка 290104169663714, категорија 46 – субвенции и трансфери, ставка 464, подставка 464/464910 – плаќање по судски решенија, на депозитната сметка на Судскиот буџетски совет бр.290104169669610, а поради ненавремено и подолго недоставување на бараните податоци од страна на подносителите на барањата во вкупен износ од **78.134,00 денари.**
- Судски буџетски совет изврши враќање на досудените средства во Буџетот на Република Северна Македонија поради недоставување на бараните податоци од страна на подносителите на барањата во законски определениот рок (односно во рок од 1 година од денот на преносот на досудените средства на депозитна сметка на Судски буџетски совет) во вкупен износ од **12.500,00 денари.**

Во врска со постапувањето по правосилни одлуки на судовите во кои е одлучено да трошоците на постапката паѓаат на товар на Судскиот буџет, заклучно со 31.07.2022 година се бележи следната состојба:

-извршена е исплата на трошоците на постапките по доставени **правосилни одлуки** од судовите во **вкупен износ од 446.235,00 денари**;

Напоменуваме дека е донесен нов Закон за прекршоци (Службен весник на РСМ бр.96/19), со кој обврската за исплатата на трошоците на прекршочната постапка при ослободителна пресуда и во случај кога постапката е запрена со решение, преминува од Судскиот буџет на Буџетот на РСМ, со што е драстично намален бројот на предмети во кои има обврска за Судскиот буџет за плаќање на трошоците на прекршочната постапка.

***Одобрени финансиски средства на единките корисници од судската власт за исплата на парична помош, непрекинати боледувања подолги од шест месеци и отпремнини на подносителите на барањата***

Од судскиот буџет за 2022 година, од ставка 464, раздел 29010 – судска власт, категорија 46 – субвенции и трансфери, програма 20 – судска администрација за прва половина на 2022 година заклучно со 31.07.2022 година одобрени се финансиски средства на единките корисници од судската власт за исплата на надоместоци од работен однос на подносителите на барањата во вкупен износ од 7.114.195,00 денари.

Заклучно со состојбата до 31.07.2022 година одобрени се вкупно 164 барања поднесени од единките корисници на судската власт за одобрување на средства за исплата на надоместоци од работен однос од кои:

- 96 (деведесет и шест) барања за одобрување на средства за исплата на парична помош, при што одобрени се финансиски средства за исплата во вкупен износ од 3.133.284,00 денари;
- 6 (шест) барања за одобрување на средства за исплата на непрекинати боледувања подолги од шест месеци, при што одобрени се финансиски средства за исплата во вкупен износ од 219.022,00 денари и
- 62 (шеесет и две) барања за одобрување на средства за исплата на отпремнина, при што одобрени се финансиски средства за исплата во вкупен износ од 3.761.889,00 денари.

Во периодот до 31.07.2022 година на ниво на судска власт на буџетската сметка 637/603 и самофинансирачката сметка 631 реализирани се правосилни извршни судски решенија во износ од 1.428.404,00 денари по разни основи.

## КАТЕГОРИЈА 48 – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

За категорија 48 - капитални расходи за Програма 20-судска администрација, со Буџетот на РСМ за 2022 година беа одобрени **243.000.000 денари**, кои беа распределени со Годишната програма за капитални расходи од Буџет Судска власт бр. 01-155/12 од 07.02.2022 година со следната структура по буџетски ставки:

**Програма 20-Судска администрација: 243.000.000 денари**

- **480 – купување на опрема и машини .......................169.000.000 денари**
  - Сметка 603/637 ............................110.000.000 денари
  - Сметка 631....................................59.000.000 денари
- **481 – градежни објекти................................................61.000.000 денари**
  - Сметка 603/637 ...............................36.000.000 денари
  - Сметка 631 ......................................25.000.000 денари
- **485 – вложувања и нефинансиски средства..........13.000.000 денари**
  - Сметка 603/637.............................. 13.000.000 денари

Во полугодишниот период, по барање од Судскиот буџетски совет од Министерството за финансии за капиталните расходи беа одобрени пренамена бр. 08-4/68-2 од 24.02.2022 г, со која беа намалени средствата на ставка 480/631 од 59.000.000 на 47.200.000 денари и на ставка 481/631 од 25.000.000 на 20.000.000 денари, а заради обезбедување на средства за зголемени трошоци за енергенси и за канцелариски материјал, како и пренамена бр. 08-4/116-2 од 25.03.2022 г, со која беа зголемени средствата на ставка 480/603 од 110.000.000 на 114.800.000 денари, а заради обезбедување на дополнителни средства за набавка на сервери и друга ИКТ опрема за непречено функционирање на АКМИС системот.

Во истиот период Годишната програма претрпе две измени бр. 01-370/8 од 14.03.2022 година и бр. 01-948/20 од 26.07.2022 година, а во врска со Програмата СБС усвои и Информација бр. 02-765/2 од 15.06.2022 г. за обезбедување на дополнителни средства за групната јавна набавка на информатичка опрема за судовите и за ССРСМ за процесот на дигитализација. Одобрените средства со втората измена на Годишната

програма бр. 01-948/20 од 26.07.2022 година, донесена по Ребалансот на Буџетот на РСМ за 2022 г. се планирани со следната структура по ставки и потставки на буџетската сметка и на сметката сопствени приходи:

**Програма 20-Судска администрација: 176.799.000 денари**

- **480 – купување на опрема и машини ......................121.799.000 денари**
  - Сметка 603/637 ..................................... 114.799.000 денари
  - Сметка 631............................................ 7.000.000 денари
- **481 – градежни објекти.................................................42.000.000 денари**
  - Сметка 603/637 ........................................ 36.000.000 денари
  - Сметка 631................................................ 6.000.000 денари
- **485 – вложувања и нефинансиски средства...........13.000.000 денари**
  - Сметка 603/637........................................ 13.000.000 денари

**Приоритетните капитални расходи** од Буџетот судска власт за 2022 година се однесуваат на следните инвестициони активности:

- **96.485.000** денари **за набавка на нови сервери и друга ИТ опрема за сите судови и Судски совет на РСМ, за непречено функционирање на АКМИС системот со сите надградби**, што се спроведува како групна јавна набавка од страна на Врховниот суд на РСМ. (**пренесена обврска** врз основа на почната јавна набавка во 2021 година). Постапката е во тек на реализација;
- **16.073.000** денари за набавка на **информатичка опрема за опремување на судовите во врска со националниот процес за дигитализација на правосудството.** Постапката се спроведува како групна јавна набавка од страна на Судскиот совет на РСМ и е во тек на реализација;
- **1.400.000** денари за нов UPS уред за IT центарот во **Врховниот суд на Република Северна Македонија.** Постапката е во тек;
- **23.300.000** денари **за Управниот суд за реновирање и адаптација на зградата што ја има добиено на трајно користење - пренесена обврска** врз основа на почната јавна набавка во 2021 година и констатирани вишоци и непредвидени работи. Постапката е завршена со реализација од 23.084.822 денари, а Управниот суд од јули 2022 година е преселен во новите простории;
- **985.000** денари за реновирање на кров за ОС Дебар – износ од (поради протекување и опасност од дополнително оштетување на зградата);
- **адаптација/опремување на судница за дигитализација** – износ од **600.000/250.000/700.000** денари соодветно за ОС Кавадарци, ОС Струмица и ОС Штип – (координација со активностите на Мисијата на ОБСЕ во врска со опремување на пет пилот судови како дел од националниот процес за дигитализација на правосудството). Активностите во ОС Кавадарци се завршени, а во ОС Штип и ОС Струмица се во тек;
- **10.515.000** денари **за Врховниот суд на Република Северна Македонија за реконструкција на фасада и реновирање на покрив.** Постапката нема да биде завршена оваа година и средствата ќе бидат пренаменети;
- **11.680.000** денари **за компјутерски софтвер,** од кои четири набавки спроведува Врховниот суд на РСМ за кои реализацијата е предвидена во втората половина од годината и тоа: **4.900.000** денари за **годишна софтвер претплата за Firewall Check Point** во судовите во РСМ, **4.100.000** денари за **функционирање на хардверот и софтверот на АКМИС системот и опремата за водење на**

**казнената евиденција**; **1.050.000** денари за **годишна софтвер претплата, постгаранциско и тековно одржување на централизиран хардвер и системски софтвер за централизиран backup/restore на базата на податоци на судовите во РСМ, 460.000** денари за **годишна софтвер претплата и тековно одржување на софтвер за евиденција на настани со корелирање на логови од ИКТ уреди сместени во ВСРСМ,** и **1.170.000** денари за Судскиот совет на РСМ за **софтверски решенија за оценување на судии,** но не е започната реализација.

Реализацијата на одобрените средства согласно последната Измена на Годишната програма на буџетската сметка и на сметката сопствени приходи со состојба од 31.07.2022 година е претставена во долната табела:

| Ставка/ категорија | **Годишна програма за капитални расходи Буџет 2022** | | **Измена на Годишна програма за капитални расходи, Одобренија МФ, Ребаланс** | |
|---|---|---|---|---|
| ***480*** | 169.000.000 | | **121.799.000** | |
| | 603 | 631 | 603 | 631 |
| | 110.000.000 | 59.000.000 | 114.799.000 | 7.000.000 |
| | реализација - 31.07.2022 | | **18.020.722** | **1.202.543** |
| | % реализација - 31.07.2022 | | **15,7%** | **17,1%** |
| ***481*** | 61.000.000 | | **42.000.000** | |
| | 603 | 631 | 603 | 631 |
| | 36.000.000 | 25.000.000 | 36.000.000 | 6.000.000 |
| | реализација - 31.07.2022 | | **18.971.823** | **490.946** |
| | % реализација - 31.07.2022 | | **52,7%** | **8,1%** |
| ***485*** | 13.000.000 | | **13.000.000** | |
| | 603 | 631 | 603 | 631 |
| | 13.000.000 | / | 13.000.000 | / |
| | реализација - 31.07.2022 | | 0 | / |
| | % реализација - 31.07.2022 | | **0** | / |
| ***48*** | 243.000.000 | | **176.799.000** | |
| реализација - 31.07.2022 | | | **38.686.034** | |
| % реализација - 31.07.2022 | | | **21,9%** | |

*Табела:Реализација на категорија 48-капитални расходи за Програма 20 до 31.07.2022година*

# ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ПРОГРАМА 30-АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Реализација на буџетот за 2022 година за програма 30-Академија за судии и јавни обвинители за сметка 603/630 буџетска сметка заклучно со 31.07.2022 година изнесува 33,94%.

## КАТЕГОРИЈА 40 – ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТИ

За плати и надоместоци со Буџетот се обезбедени средства во висина од 107.493.000,00 денари. Истите се реализирани со стапка од 31,89%.

| 40- буџет | 40-Реализација на буџет | 40-% на реализација |
|---|---|---|
| 107.493.000,00 | 34.278.904,00 | 31,89 |

## КАТЕГОРИЈА 42 – СТОКИ И УСЛУГИ

Средствата од одобрениот буџетот за 2022 година изнесуваат 23.200.000,00 денари.

| ставка | опис | Буџет | реализација | остаток | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 500.000,00 | 404.169,00 | 95.831,00 | 80,83 |
| 421 | Комунални услуги, греење, | 2.000.000,00 | 1.170.000,00 | 830.000,00 | 58,50 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 1.500.000,00 | 690.241,00 | 809.759,00 | 46,02 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 800.000,00 | 52.543,00 | 747.457,00 | 6,57 |
| 425 | Договорни услуги | 17.400.000,00 | 7.755.162,00 | 9.644.838,00 | 44,57 |
| 426 | Други тековни расходи | 1.000.000,00 | 325.065,00 | 674.935,00 | 32,51 |
| | Вкупно | 23.200.000,00 | 10.397.180,00 | 12.802.820,00 | 44,82 |

## КАТЕГОРИЈА 46 – СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ

Оваа година за Академијата беа обезбедени со пренамена финансиски средства за категорија 46-субвенции и трансфери за исплата на надоместоци од работен однос.

| Буџет 2022 | Реализација на буџет | % на реализација |
|---|---|---|
| 100.000,00 | 59.678,00 | 59,68 |

КАТЕГОРИЈА 48 – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

За капитални расходи со Буџетот се обезбедени средства во висина од 1.000.000,00 денари. Истите не се реализирани.

**Сметка 785 – Сметка на донации**

Академијата за судии и јавни обвинители за 2022 година има одобрен буџет за реализација на проекти по пат на донации во вкупен износ од 4.500.000,00 денари.

| ставка | опис | Буџет | реализација | остаток | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.000.000,00 | 419.700,00 | 580.300,00 | 41,97 |
| 421 | Комунални услуги, греење, | 200.000,00 | 83.400,00 | 116.600,00 | 41,70 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 100.000,00 | 36.427,00 | 63.573,00 | 36,43 |
| 425 | Договорни услуги | 1.400.000,00 | 700.164,00 | 699.836,00 | 50,01 |
| 426 | Други тековни расходи | 300.000,00 | 124.810,00 | 175.190,00 | 41,60 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 1.500.000,00 | 1.499.094,00 | 906,00 | 99,94 |
| | Вкупно | 4.500.000,00 | 2.863.595,00 | 1.636.405,00 | 63,64 |

**Сметка 787 – Сметка на самофинансирачки активности**

За оваа сметка со Буџетот за 2022 година се одобрени 1.500.000,00 денари.

| ставка | опис | Буџет | реализација | остаток | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 464 | Разни трансфери | 1.500.000,00 | 86.037,00 | 1.413.963,00 | 5,74 |

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОПСТВЕНИТЕ ПРИХОДИ НА СУДОВИТЕ ЗА 2022 ГОДИНА

Покрај средствата одобрени од Буџетот на РМ, со судскиот буџет се планира, усвојува и реализира буџет на сопствени приходи, кои судовите ги остваруваат по различни основи и тоа:

- Приходи остварени од други неданочни приходи
- Приходи од осигурување на имот
- Приходи од депозити, закупнини, судски паушали и сл.

Буџет на сопствени приходи за 2022 година изнесува 147.431.000 денари, а неговата распределба по ставки е следна:

| ставка | опис | Буџет | реализација | остаток | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 300.000,00 | 92.190,00 | 207.810,00 | 30,73 |
| 421 | Комунални услуги, греење, | 55.000.000,00 | 16.184.465,00 | 38.815.535,00 | 29,43 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 15.000.000,00 | 3.473.328,00 | 11.526.672,00 | 23,16 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 7.000.000,00 | 399.080,00 | 6.600.920,00 | 5,70 |
| 425 | Договорни услуги | 28.000.000,00 | 6.776.456,00 | 21.223.544,00 | 24,20 |
| 426 | Други тековни расходи | 4.000.000,00 | 711.624,00 | 3.288.376,00 | 17,79 |
| 464 | Исплата по извршни исправи | 24.612.060,00 | 0,00 | 24.612.060,00 | 0,00 |
| 465 | Купување на опрема и машини | 518.940,00 | 518.940,00 | 0,00 | 100,00 |
| 480 | Градежни објекти | 7.000.000,00 | 1.202.543,00 | 5.797.457,00 | 17,18 |
| 481 | Купување на мебел | 6.000.000,00 | 490.946,00 | 5.509.054,00 | 8,18 |
| | Вкупно | 147.431.000,00 | 29.849.572,00 | 117.581.428,00 | 20,25 |

Реализацијата на буџетот за 2022 година за програма 20-судска администрација за сметката 631 сопствени средства изнесува 20,25%.

**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Павлина Црвенковска**